РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,градежништво
и заштита на животната средина
Уп.1 број:11-198-сл. од 15.09.2023год.

Градоначалникот на општина Гевгелија решавајќи по барањето на **Општина Гевгелија**, поднесено со УП1 бр.11-198-сл. од 15.09.2023год. за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и хортикултурно уредување на рекреативен градски парк, врз основа на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија, Одлука бр. 09-174/1 од 30.01.2023 год. донесена од Советот на општина Гевгелија и врз основа на член 80 од Законот за градење (,,Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012, 144/012, 25/013, 79/013, 30/016, 31/016, 39/016, 71/16, 132/16, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), а во врска со член 24, 87 и 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/015), го издава следното

# О Д О Б Р Е Н И Е
за поставување на урбана опрема

**СЕ ОДОБРУВА** на барателот Општина Гевгелија поставување на урбана опрема и хортикултурно уредување на рекреативен градски парк на КП бр.655, КП бр.7507, КП бр.446/1, КП бр.7505/17, КП бр.7288/1, КП бр.7290/2, КП бр.7330, КП бр.7367, КП бр.7322, КП бр.7321, КП бр.7299, КП бр.7492, КП бр.7491, КП бр.7490, КП бр.7479, КП бр.7365/2, КП бр.7364, КП бр.7363, КП бр.257, КП бр.4860 и КП бр.447 КО Гевгелија, општина Гевгелија.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Општина Гевгелија со седиште на ул.,,Димитар Влахов,, бр.4 во Гевгелија поднесе барање со Уп.1 бр.11-198-сл. од 15.09.2023год. за поставување на урбана опрема и хортикултурно уредување на рекреативен градски парк во општина Гевгелија.

Барателот со барањето ја достави следната документација:

- Основен Проект за поставување на урбана опрема и хортикултурно уредување на рекреативен градски парк со тех.бр.0701-067 од 13.09.2023 год. изработен од ДГАТП ,,СТОУН ФОРМ,, дооел Гевгелија;

Надлежниот орган ја разгледа приложената документација и одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против Одобрението на Градоначалникот на единицата на локална самоуправа може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,оо ден. административни такси.

Таксата е наплатена и приложена со барањето согласно Законот за административни такси.

Изработил: Елена Колев, ____________________

Раководител на сектор: Ирена Томчева, ____________________

Доставено до:
- Архива
- Одделение за инспекциски надзор

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

____________________
***Андон Сарамандов***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА